**201212861**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 6 став 1 од Законот за меѓународни рестриктивни мерки ("Службен весник на Република Македонија" бр.36/2011), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана, на 9.10.2012 година донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА РЕСТРИКТИВНАТА МЕРКА СОГЛАСНО ОДЛУКАТА 2012/212/ЗНБП НА СОВЕТОТ ОД 23 АПРИЛ 2012 ГОДИНА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА 2010/639/ЗНБП ЗА РЕСТРИКТИВНИ МЕРКИ ПРОТИВ БЕЛОРУСИЈА

### Член 1

Со оваа одлука се воведува рестриктивната мерка согласно Одлуката 2012/212/ЗНБП на Советот од 23 април 2012 година за изменување на Одлуката 2010/639/ЗНБП за рестриктивни мерки против Белорусија.

### Член 2

Оваа одлука се однесува на следниве видови рестриктивни мерки:

- забрана за влез во Република Македонија,
- финансиски мерки и
- ембарго на оружје.

### Член 3

Се определуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за надворешни работи, Министерството за финансии и Управата за финансиско разузнавање за надлежни органи за спроведување на рестриктивната мерка.

### Член 4

Надлежните органи од член 3 на оваа одлука вршат надзор над спроведување на рестриктивната мерка.

**Член 5**

Спроведувањето на рестриктивната мерка се врши на начин утврден со Одлуката 2012/212/ЗНБП на Советот од 23 април 2012 година за изменување на Одлуката 2010/639/ЗНБП за рестриктивни мерки против Белорусија и Одлуката 2010/639/ЗНБП на Советот од 25 октомври 2010 година за рестриктивни мерки против одредени службеници на Белорусија „(Службен весник на Република Македонија" бр.84/11.)"

**Член 6**

Одлуката 2012/212/ЗНБП на Советот од 23 април 2012 година за изменување на Одлуката 2010/639/ЗНБП за рестриктивни мерки против Белорусија, во оригинал на англиски и во превод на македонски јазик е дадена во прилог на оваа одлука и е нејзин составен дел.

**Член 7**

Рестриктивната мерка против Белорусија се воведува на неодредено време.

**Член 8**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 41-7224/1
9 октомври 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

25.4.2012 EN Official Journal of the European Union L 113/11

# COUNCIL DECISION 2012/212/CFSP

## of 23 April 2012

## amending Decision 2010/639/CFSP concerning restrictive measures against Belarus

THE COUNCIL OF THE EUROPEAN UNION,

Having regard to the Treaty on European Union, and in particular Article 29 thereof,

Whereas:

(1) On 25 October 2010, the Council adopted Decision 2010/639/CFSP [1].

(2) It is necessary to include a derogation to the asset freeze in Decision 2010/639/CFSP in order to ensure that funds or economic resources can be released or be made available for the official purposes of diplomatic missions or consular posts or international organisations enjoying immunities in accordance with international law.

(3) Decision 2010/639/CFSP should be amended accordingly,

HAS ADOPTED THIS DECISION:

*Article 1*

In Article 3(1) of Decision 2010/639/CFSP, the following point is added:

"(e) to be paid into or from an account of a diplomatic mission or consular post or an international organisation enjoying immunities in accordance with international law, in so far as such payments are intended to be used for official purposes of the diplomatic mission or consular post or international organisation.".

*Article 2*

This Decision shall enter into force on the date of its adoption.

Done at Luxembourg, 23 April 2012.

*For the Council*

*The President*

C. ASHTON

[1] OJ L 280, 26.10.2010, p. 18.

**ОДЛУКА 2012/212/ЗНБП НА СОВЕТОТ**

**од 23 април 2012 година**

**за изменување на Одлука 2010/639/ЗНБП за рестриктивни мерки против Белорусија**

СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА,

имајќи го предвид Договорот за Европската унија, а особено член 29 од истиот,

со оглед на тоа што:

(1) На 25 октомври 2010 година, Советот ја донесе Одлука 2010/639/ЗНБП ([1]).

(2) Потребно е да се вклучи отстапување за замрзнувањето на средства од Одлука 2010/639/ЗНБП со цел да се гарантира дека финансиските средства или економски ресурси може да се ослободат или да се стават на располагање за службени цели на дипломатските мисии или конзуларните претставништва или меѓународните организации кои уживаат привилегии во согласност со меѓународното право.

(3) Одлука 2010/639/ЗНБП треба соодветно да се измени,

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА ОДЛУКА:

*Член 1*

Во член 3(1) од Одлука 2010/639/ЗНБП, се додава следната точка:

> „(д) да се изврши плаќање на или од сметка на дипломатска мисија или конзуларно претставништво или меѓународна организација која ужива привилегии во согласност со меѓународното право, доколку таквите исплати се наменети за употреба за службени цели на дипломатската мисија или конзуларното претставништво или меѓународната организација.“.

*Член 2*

Оваа одлука влегува во сила на денот на нејзиното донесување.

Луксембург, 23 април 2012 година.

*За Советот*

*Претседател*

К. ЕШТОН

[1] Сл. Весник L 280, 26.10.2010, стр. 18.